28465

CLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00574
Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
СКОПЈЕ
29. DEZ. 1981 5746,11,

# Почетоци на зрелоста

## (ЗА ИЗЛОЖБИТЕ НА ВЕЛЕ ТАШОВСКИ И ЉУБОМИР АНТОНОВСКИ)

По успешната изложба на скулптури од **Богдан Мусовиќ** (кој сега во фините природни облици го наоѓа естетизмот на своите дела), во изложбените простории на Домот на младите „25 мај" во Скопје, со десетина платна ни се претставува македонскиот сликар **Веле Ташовски, кој** Академија за ликовни уметности завршил во Љубљана, во класата на реномираниот ликовен педагог Габриел Ступица.

Платната на Ташовски се исполнети со ликовна зрелост уште во првите почетоци на авторовото пројавување, афирмирајќи наполно нов метод на сликање, при што се евидентни и елементи од традиционален карактер, **особено од искуствата на оптичката тенденцијата во сликарството**, но тука ќе најдеме извесни одблесоци и од други настојувања, како на пример, асоцијации на Мондријан, па и на Фонтана (во пресечено то платно).

Ташовски умее до крај да ја спроведе ликовната идеја, која обично се состои во евоцирање на една нова структура, едно естетско сфаќање и преданање на просторот. Монотоноста на мрежестиот мотив тука е избегнат со употребата на две свилени платна, врз кои е насликан истиот мотив, а мотивот од долното платно има улога на придружна сенка, што ѝ дава посебен шарм на сликата. **Овде се поставува прашање за иднината на едно вакво сликарство. имено, колку ќе може авторот да наоѓа сè нови и нови решенија, за да не се сведе делото на технички труд, туку да задржи и уметнички елементи и вредности.**

Во Центарот за култура и информации на Скопје, покрај новоотворениот Продажен салон на уметнички дела, каде што заинтересираните купувачи можат да најдат одлични творби за не голку високи цени (меѓу кои, да ги спомонеме и делата на **Мазев, Гавровски, Франговски, Копоман, Павловски, Шулајковски, Мусовиќ, Николовски** итн.), во големата просторија има отворено самостојна изложба самоукиот скулптор **Љубомир Антоновски**, чии експонати се одликуваат со префинети форми и допадливи композиции. Неговите скулптури, кои се во мали минијатурни формати, во извесна смисла можеме да ги сметаме како пандан на сликите на **Вангел Наумовски**, се разбира, во првата фаза на охридскиот сликар. Неговиот ликовен свет се камењата од неговиот роден крај, реката Радика.

Во каталогот кон изложбата, претставувајќи го овој нов ликовен уметник, Борко Лазески со право истакнува две фази во неговото творештво, едната, која се одликува со топли форми и висок релјеф, и другата, во која забележуваме цврсти, јаки форми и блокови, како и полна фигура, при што е воспоставен еден фин дијалог меѓу апстрактните елементи. **Изложбата на Антоновски најдобро сведочи за тоа какви прекрасни облици можат да се најдат во природата, и доволна е само мала интервенција, па тие да се преобразат во издржливи уметнички дела**, како што забележавме и кај неколку нови скулптури на Мусовиќ, и, најпосле, како што нè учи убавиот пример на Хенри Мур.

**Паскал ГИЛЕВСКИ**